РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) доставено е Барање за мислење за толкување на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поточно на член 44 став 5 и член 49 став 1 од овој закон.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019), го издаде следново:

**М И С Л Е Њ Е**

ДКСК извести дека, во смисла на член 44 став 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси државните високообразовни институции (универзитети) се правни лица што се занимаваат со дејност со која се остварува профит, по што избрано и именувано лице не може да врши функција на член на Управен одбор или на друг орган на управување во државните високообразовни институции.

Имено, согласно член 71 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот е самостојна високообразовна установа и има својство на правно лице. Универзитетот има сметка на која се водат средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија и сметки на кои се водат средствата стекнати од други извори и посебни приходи.

Исто така, избрано и именувано лице во смисла на член 49 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не може да биде член на управен или надзорен орган во правно лице со доминантен државен капитал (високообразовните институции), освен ако со закон не е поинаку утврдено.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Горан Трпеноски**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk